Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 143/19,14/20 и 208/2024), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1199/1 од 01.06.2015 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-1199/4 од 11.08.2015 година, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2431/1 од 02.11.2015, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1268/1 од 02.06.2016, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-980/1 од 05.03.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-330/2 од 14.03.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1896/1 од 17.05.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2828/1 од 25.07.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2837/4 од 02.10.2019, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2837/6 од 02.10.2019, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2735/1 од 10.11.2020, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-296/1 од 03.02.2021, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-859/1 од 08.04.2021, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1536/1 од 16.06.2021, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-2788/1 од 29.11.2021 година, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-3682/1 од 20.10.2022 година,Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2647/1 од 27.07.2023 година и Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-3353/1 од 25.11.2024 година.

**Член 2**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во 1.Сектор за правни работи и општи работи, во 1.2. Одделение за општи работи, работно место со реден број 21, со шифра УПР 04 03 А02 001, звање на работно место Возач II, назив на работно место Превоз на лица и опрема-II ниво, во делот вид на образование, се менува и гласи: средно образование и во делот на извршители: 2, се менува и гласи „1 извршител".

**Член 3**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп,во 2-а. Сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности, во 2-а.2. Одделение за јавни дејности,по работно место со реден број 74-ѓ, со шифра УПР 01 01 Г01 000, звање самостоен референ, назив на работно место Самостоен референт за заштита и спасување, се додава ново работно место, кое гласи:

| 4. Сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности | |
|---|---|
| 4.2. Одделение за јавни дејности | |
| **Реден број** | 74-е |
| **Шифра** | УПР 01 01 Г01 000 |
| **Ниво** | Г1 |
| **Звање** | Самостоен реферет |
| **Назив на работно место** | **Здравствена, социјална и детска заштита** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Вишо/средно образование-медицинска струка |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно, квалитетно да спроведува одредени функциии од делокруг на одделението и извршување на едноставни работи и задачи од обласа на социјалната , детската здравствена заштита и заштита на маргинализирани групи |
| **Работни задачи и обврски** | -учествува при изготвување на програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи за институционална и вонинституционална социјална заштита, под надзор и контрола на раководителот на одделението и административните службеници во одделението од повисоките нивоа<br>-се грижи за превземање на мерки и активности од обласа на социјалната, детската и здравствената заштита, од надлежност на општината |

| | |
|---|---|
| | -учествува при предлози и проекти и учествува во предложените проекти од областа на социјалната, детската и здравствената заштита<br><br>-помага и учествува во работата на на проектните тимови за реализација на проекти од областа на социјалната и детската заштита<br><br>-се грижи за превземање на мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа и предлага мерки, активности за здравствено воспитување,за унапредување на здравјето и за превентивни активности<br><br>-подготвува мерки за вршење на надзор над заразните болести и предлага мерки за помош на пациенти со специфични потреби кои побарале помош од општината<br><br>-учествува при изработка на нормативите и другите општи акти од надлежност на советот и градоначалникот од областа на здравствена, социјална и детска заштита<br><br>-помага по начелни прашања од интерес за остварување на правата, обврските и интересите на општината<br><br>-учествува во подготовка на стручни анализи, информации и други материјали за работни тела на совет и комисии формирани од Градоначалник. |

**Член 4**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во 3.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, во 3.1. Одделение за урбанизам и заштита на животна средина, работното место со реден број 85, со шифра УПР 01 01Г01 000, звање самостоен референт, назив на работно место Уредување на просторот и заштита на животната средина, во делот број на извршители: 2, се менува и гласи „1 извршител".

**Член 5**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во 4. Сектор за инспекторат, 4.2. Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животна средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината, по редниот број 113, звање советник инспектор, назив на работно место овластен просветен инспектор, со шифра ИНС 01 01 В01 001, се додава ново работно место кое гласи:

| | |
|---|---|
| 4. Сектор инспекторат | |
| 4.2. Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животна средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината | |
| **Реден број** | 113-а |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен инспектор за угостителство и туризам** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Научно подрачје: Општествени науки<br>Научно поле:економија и бизнис (Туризам и угостителство) |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачите од делокругот на одделението, а кои се однесуваат на вршењето на инспекциски надзор над спроведувањето на прописите во областа на угостителската и туристичката дејност. |
| **Работни задачи и обврски** | - врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината согласно со законот за угостителска и туристичка дејност.<br>-врши увид на терен и изготвува записиници за констатирана состојба и наоди, и изрекува со закон пропишани мерки<br>-води управана постапка во прв степен и донесува решенија<br>-одговара на жалби во второстепена постапка<br>-поднесува жалби во второстепена постапка<br>-поднесува барање за поведување на прекршочна постапка<br>-ги известува надлежните органи на државната управаза повредите на прописите што се од нивна надлежност<br>-подготвува стручни анализи на прашањата кои се од значење за примената на законските одредби од областа<br>-подготвува стручни анализи, информации и други материјали за работните тела на советот на општината. |

## Член 6

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во 4. Сектор за инспекторат, 4.2. Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животна средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината, по редниот број 113-а, звање советник инспектор, назив на работно место Овластен инспектор за угостителство и туризам, со шифра ИНС 01 01 В01 001, се додава ново работно место кое гласи:

| | |
|---|---|
| 4. Сектор инспекторат | |
| 4.2. Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животна средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината | |
| **Реден број** | 113-б |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен инспектор за домување** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Научно подрачје:Општествени науки<br>Научно поле: право |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачите од делокругот на одделението, а кои се однесуваат на вршењето на инспекциски надзор над спроведувањето на прописите согласно Законот за домување |
| **Работни задачи и обврски** | - врши инспекциски надзор над станбените, станбено-деловните и деловно-станбените згради, и управувањето со истите е согласно Законот за домување и подзаконските прописи донесени согласно истиот закон<br>-врши увид во целокуг на документација на станбената зграда<br>-врши увид на терен и изготвува записиници за констатирана состојба и наоди за домување , и изрекува со закон пропишани мерки по основ на пропишани норми и стандарди за домување<br>-води управана постапка во прв степен и донесува решенија<br>-одговара на жалби во второстепена постапка<br>-поднесува жалби во второстепена постапка<br>-поднесува барање за поведување на прекршочна постапка<br>-ги известува надлежните органи на државната управа за повредите на прописите што се од нивна надлежност<br>-подготвува стручни анализи на прашањата кои се од значење за примената на законските одредби од областа на домувањето<br>-подготвува стручни анализи, информации и други материјали за работните тела на советот на општината. |

**Член 7**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во 4.Сектор за инспекторат, во 4.2. Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животна средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината, работното место со реден број 114 , со шифра ИНС 01 01 В01 001, звање на работно место Советник инспектор, назив на работно место Советник-Овластен просветен инспектор и во делот број на извршители, бројот „1", се брише.

**Член 8**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат и измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01-1625/1

23.05. 2025 год.

Градоначалник на Општина Прилеп

Борче Јовчески

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
·Локална самоуправа·
ПРИМЕНО: 29.05.2025

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
|---|---|---|---|
| 01 | 1625/3 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

До: Општина Прилеп

**Архивски број: 09-1461/ 4**
**Датум: 28 .05.2025 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за именување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24 ) Министерството за јавна администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
на

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп **со архивски број 01-1625/1 од 23.05.2025 година**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Прилеп**, поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп.

Министерството за јавна администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство за јавна администрација на
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Општина Прилеп со архивски број 01-1625/1 од 23.05.2025 година.**

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Подготвил:Абдула Јашаров
Контролирал: Ана Чубриноска
Согласен : Емилија Чукиќ
Одобрил : Маја Рисова Мутлулар


Министерство
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
+389 2 320 0874